РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 02- 189/1
01. 02. 2021 година
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2019), член 73 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/2019), Деканатската управа на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје по предлог на Наставниот одбор, на седницата одржана на 28.1.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за утврдување на условите и постапките за условно добивање на потпис и полагање на наставен предмет

1. Студентите запишани на студиските програми на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, кои не присуствувале или неоправдано изостанале на дел од теоретската и/или практичната настава предвидена со студиската програма и со тоа не го оствариле правото на потпис, доколку одговорниот наставник одлучи за тоа, можат да добијат условен потпис со што ќе бидат задолжени да посетуваат дополнителна настава.
2. Обемот и видот на дополнителната настава која треба да ја посетува студентот ја определува одговорниот наставник, врз основа на евиденцијата за присуство на студентот на наставниот предмет, во семестар за кој во студиската програма предметот е неактивен односно не е предвидено да се изведува настава.
3. Одговорниот наставник е должен да го извести Раководителот на Катедрата за организирањето на дополнителната настава.
4. За дополнителната настава, студентот е должен да изврши уплата на име надомест за дополнителна настава, пресметана на следниот начин: број на кредити на предметот за кој се изведува дополнителна настава x 810,00 денари.
5. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН
Проф.д-р Киро Ивановски

Изработил: м-р спец. Влатко Коколански